ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

08-1851/9
22-10-2025

Врз основа на член 22 и член 23 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/19) и член 40 и член 41 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата постапувајќи по предмет оформен по доставена пријава, Државната комисија за спречување на корупцијата на 23-та седница одржана на ден 13.10.2025 година донесе

Одлука

Постапката по предметот со број 08-1851/1 од 02.07.2025 година, СЕ ЗАПИРА.

Предметот со број 08-1851/1 од 02.07.2025 година да се архивира.

Одлуката во деперсонализирана форма да се објави на ВЕБ страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

Образложение

Предметот со број 08-1851/1 од 02.07.2025 година е оформен по сопствена иницијатива, а по однос на доставена пријава, за неподнесување на Изјава за имотна состојба и интереси од страна на лицето ____________________ по престанок на функцијата член на __________________________________________________________________________________.

Поради проверка на наводите од пријавата и утврдување на фактичка состојба, Државната комисија за спречување на корупцијата изврши увид во „Службен весник на РСМ“ по што констатира дека лицето _________________________ е разрешено од вршење на функцијата член на _________________________________________________ со Решение бр.18-47467/1 од 06.05.2025 година, донесено од страна на Владата на РСМ и објавено во „Службен весник на РСМ“ бр.95/25.

Во врска со тоа, Државната комисија изврши увид во Административната алатка на поднесени Изјави за имотна состојба и интереси, како и во другите бази на податоци со кои располага и констатира дека _____________________________ во законски

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

предвидениот рок по престанок на функцијата член на ________________________________ не поднело Изјава за имотна состојба и интереси до Државната комисија за спречување на корупцијата.

Согласно горе наведеното, поради констатираниот прекршок на одредбите од член 82 став 3 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси од страна на лицето __________________________, Државната комисија изготви Записник за констатиран прекршок со бр. 08-1851/4 од 26.08.2025 година и издаде Прекршочен платен налог со бр.08-1851/5 од 26.08.2025 година, при што сторителот е уредно известен видно од повратницата на кој стои потпис и датум на прием 29.08.2025 година. Истиот на ден 09.09.2025 година извршила уплата на половина од законски предвидената глоба во рок, видно од доставената уплатница како доказ за ивршена уплата.

ДКСК констатира дека нема елементи за нејзино понатамошно постапување во конкретниот случај.
Врз основа на горенаведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот.

Заменик претседател,
м-р Цвета Ристовска

Изготвил: К.Б., помлад соработник
Контролирал: м-р Н.Т-М., раководител на одделение
Согласен: К.З., раководител на сектор
Одобрил: Б.Ц, член

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk